Трајче Стамески (Филолошки факултет „Блаже Конески“)

# Увод во историјатот на србистичката книжевна наука во Македонија

# (преку критиката на Димче Левков, Виолета Пирузе-Тасевска и Науме Радически)

Апстракт: Текстот го проследува историјатот на србистичката наука во Македонија во хронолошка перспектива преку критичките текстови на Димче Левков, Виолета Пирузе-Тасевска и Науме Радичевски, редовни професори на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Текстот го покажува залагањето на македонската критичка продукција за континуиранаата презентација, достапност и вредносна афирмација на делата од српската книжевност, најчесто преку различни методологии на интерпретирање на специјалистички книжевни и културолошки теми од сите периоди во развојот на српската литература и култура.

Клучни зборови: српска книжевност, култура, критика, поетика, студија, Д. Левков, В. Пирузе-Тасевска, Н. Радичевски.

***

Дијахрониските и синхрониските пристапи на проучувањето на книжевната поврзаност и интеркултурната комуникација меѓу Македонија и Србија покажуваат дека токму книжевната критика и нејзините оперативни механизми за проценка, вреднување и толкување на делата на авторите извршила клучно влијание за взаемна рецепција на овие две национални книжевности и култури.

Македонската критичка продукција во континуитет се залагала за видлива презентација и достапност на српската книжевност преку различни методологии на интерпретирање на специјалистички книжевни и културолошки теми од сите периоди во развојот на српската литература и култура.

Во прилог на тезата за континуитетот на македонската книжевна критика и компаратистика, во овој текст ќе укажеме на проучувањето на српската книжевност од страна на македонската наука за книжевноста преку неколку репрезентативни научни студии и селектирани критички текстови на: Димче Левков, Виолета Пирузе Тасевска и Науме Радически – истакнати истражувачи, кои целиот свој професионален век го поминале во проучување на српската книжевност и во афирмација на србистиката во Македонија.

**ДИМЧЕ ЛЕВКОВ** (1914-1994)

Својата универзитетска работа ја започнал од 1949 год. и повеќе од триесет години работел како професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а неколку години бил декан и проректор на Скопскиот универзитет. Неговата библиографија од над 107 објавени значајни трудови е сведоштво за неговата исклучително богата научна работа, вклучително и за неговиот огромен придонес за актуелизација на новата српска книжевност во Македонија. Неговата книжевно-критичка опсервација главно е ориентирана кон експликација на книжевните дела на капитални автори од различни фази на развојот на српската книжевност (особено се реалистичка и модернистичка поетика). Според тоа и неговата научна методологија покажува одредена формализираност (Неговите текстови се најчесто Предговори и Поговори кон делата) со видлива шаблонизираност во неговите критичко-дескриптивни тематизации. Во контекстот на времето кога е создавана, неговата критика претставува важен научен сегмент за приближувањето на српската книжевност до македонската читателска публика, но и неодминлива пракса за систематско проучување на србистиката во Македонија. За целите на овој текст ќе укажеме на неколку аспекти на книжевно-критичката методологија на Димче Левков која се однесува на творештвото на  Јаков Игњатовиќ (1822-1889) и Милован Глишиќ (1847-1908).

Во опширниот „Предговор“ (1958) кон романот „Вечити младожења“ („Вечен младоженец“) на Јаков Игњатовиќ, Левков го анализира поширокиот контекст на општествените прилики и културни предизвици на српското граѓанство во Србија во средината на XIX век, определувајќи ги Јован Стерија Поповиќ, Стеван Сремац и Јаков Игњатовиќ за водечки фигури на новите книжевни процеси во Србија. Неговата критичка опсервација главно е фокусирана на топосот на Војводина во периодот кога Србија поминува низ турбулентни историски и социјални процеси, затоа, Левков смета дека романот „Вечен младоженец“ е од непроценлива важност за автентична дескрипција на војводинскиот живот, а самиот Игњатовиќ ја има улогата на „иницијатор и создавач на српскиот реалистичен и социјален роман и расказ.“

Очигледена е интенцијата на Левков за аналитичко-дескриптивенаанализа на романот на Игњатовиќ, со значителен објективистичко-панорамски преглед и на вонлингвистичкиот контекст. Неговата експликацијата ја подразбира неопходноста од синтетизирање на книжевната критика, книжевната историја и теоријата на книжевноста во намерата да се даде вредносна оценка на конкретното дело на Игњатовиќ. Оттука, индикативен е биографскиот и хронолошки пристап кон творештвото на Игњатовиќ во корелација со општествено-политичките и културни состојби во Војводина во XIX век. Затоа,

критичката опсервација на Левков наместа ја проблематизира и идеолошката актива на Игњатовиќ и неговата политичка трансформација: „од доследен и решителен противник на виенската царска политика, па сѐ до прифаќањето на унгарскиот хегемонизам." (Левков, 1958, 7)

Иако книжевно-историскиот контекст и фактографијата се значаен дел од критика на Левков, сепак, таа суштински е насочена кон анализа на книжевната дејност на Игњатовиќ, препознатлива по неговите историски романи и раскази со патриотски тенденции. Левков најголемо внимание им посветува на оценувањето и вреднувањето на раскажувачките постапки на Игњатовиќ, тој ги елаборира неговите авторски интенции за поставување на извесни, често високи книжевни цели, со претензија „да испитува и да решава општествени проблеми и да поставува морални тези..." (Левков, 1958, 11)

Во контекст на времето, разбирливо е преферирањето на социјалните аспекти на неговата критика. Неговата критика покажува објективистички тенденции за детализирана елаборација на тогашните актуелни теми во романот на Игњатовиќ, како што се: општествените неправди, длабинските меѓугенерациски недоразбирања, етичката дефицитарност и др. Во согласност со сопствениот традиционалистички објективизам и критички погледи, Левков резимирано ги потенцира големината и важноста на творештвото на Игњатовиќ за целокупната српска книжевност и култура, кое, според него, можело да биде уште позначајно доколку самиот Игњатовиќ негувал посериозен однос кон сопствената книжевна работа.

Слична шематизираност во аналитичката постапка е индикативна и во „Предговорот" (1964) на избор од расказите на Милован Глишиќ (вовед, биографија на авторот, библиографски единици, критички осврт кон книжевното творештво и заклучок), што ни покажува дека Левков принципиелно се залагал за спој на традиционалната критика и книжевната историја, така што неговите студии добиваат форма на книжевноисториска монографија.

Разгледувајќи ја книжевната актива на Милован Глишиќ, Левков, ја поврзува неговата појава како „иницијатор и создавач на т.н. селски расказ" (расказ со теми од селската средина), пред сѐ, со влијанијата на руската реалистична проза и делата на Гогољ, Тургењев, Гончаров, Толстој и др. И овој прилог е концепциски структуиран на хронолошките принципи и анализа на расказите на Глишиќ во контекст на тогашните социјални и политичките превирања во Србија иницирани од движењето на Светозар Марковиќ. И за оваа студија е карактеристично преовладувањето на вредносни судови со интенција за објективистички валоризации. Меѓутоа, Левков прецизно ги детектира и длабински ги анализира сите поважни теми во расказите на Глишиќ: корумпираноста на бирократијата, грабежот на селаните, лихварството, лакомоста на свештениците, наивноста на селанецот и др. Тој особено внимание им посветува на јазикот и стилот на

расказите на Глишиќ, истакнувајќи ја неговата компетентноста како „одличен познавач на српскиот народен јазик, народниот живот и народното творештво.“

За книжевно-критичката работа на Левков, Виолета Пирузе-Тасевска ќе каже: „како аксиома ги поставуваше хуманистичките определби, не арбитрарни оценки, но разбирање на творечкиот чин со сета полифоност и многузначност, секогаш со мерка и усет за вистинска елаборација.“ (Пирузе-Тасевска, 1994, 564). Според тоа, ни се чини сосема легитимно да додадеме дека критичките текстови на Димче Левков за значајни дела на српската книжевност покажуваат јасно изразена самосвест за нивно вреднување и оценка. Левкововата природна тенденција за иманентна критичка презентација и објективност во пристапот и тенденција во голема мера придонесуваат за компетентно научно претставување на идејните и естетските вредности на делата од новата српска книжевност и култура.

## 2. ВИОЛЕТА ПИРУЗЕ - ТАСЕВСКА

Виолета Пирузе-Тасевска беше повеќедецениски професор на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности и работеше како предметен професор по Нова српска српска книжевност на кој се изучуваа сите важни стилски формации на српскиот XVIII, XIX и почетокот на XX век (Просветителство, романтизам, реализам и модерната во српската книжевност). Плод на нејзиниот повеќегодишен научноистражувачки интерес и релевантен пресек на неуморната и континуирана работа на полето на новата српската книжевност и култура се двете публикувани книги - студии и есеи од српската и македонската книжевност во „Толкувања и вредности“ (1997) и студии и огледи за српската книжевност во „Литературни проникнувања“ (2002).

И во двете книжевнонаучни студии индикативна е научната преокупација на авторката за теми од српската книжевност во дијахрониска перспектива, што ја предочува мултидимензионалноста на нејзиниот научен објект на опсервација и елаборација на поставените книжевни проблеми. Во поглед на ова, само во книгата „Толкувања и вредности“ Виолета Пирузе Тасевска ѝ нуди на читателската публика 18 критички толкувања и интерпретации на дела од новата српска книжевност и 3 книжевно-компаративни релации меѓу македонската и српската книжевност, во хронолошка систематизација според појавата на писателите во српската книжевност: Гаврил Стефановиќ-Венцловиќ, Вук Караџиќ, Јован Стерија Поповиќ, Петар Петровиќ-Његош, Јован Јовановиќ-Змај, Лаза Костиќ, Лаза Лазаревиќ, па сè до Владислав Петковиќ-Дис, Бранислав Нушиќ и Милош Црњански.

Во овој текст издвојуваме неколку парадигматични прилози од нејзините две книги. Во статијата „Вук како книжевник“, Пирузе-Тасевска ја реактуелизира историската и творечката релација меѓу Доситеј и Вук како неопходна компонента за развојниот

континуитет на српската литература. Авторката го истакнува ставот на Јован Скерлиќ дека за развојот на српскиот книжевен реализам во поширока смисла на зборот, „Вук Караџиќ многу му должи на Доситеј“. Пирузе-Тасевска ги потенцира книжевно-естетските сфаќања на Караџиќ и неговиот огромен придонес за развојот на новата српска книжевност преку поврзаноста со народниот живот, народниот дух и јазик. Исто така, авторката големо внимание им посветува на метатекстовите на важните критички авторитети во српската наука како: Јован Скерлиќ, Милан Будимир, Миодраг Поповиќ и др., но самата заклучува дека „Во Вуковото разновидно дело, книжевното како особеност и квалитет и инкорпорирано во научното со голема умешност и дарба, или е најчесто во вдахновена, мајсторска симбиоза со документарното, фактографското.“ (Пирузе-Тасевска, 1997, 17)

Во понатамошната анализа, авторката ги интерпретира книжевно-уметничките квалитети на Вуковата проза, посочувајќи го „Житието на ајдук Вељко Петровиќ“, како „ремек-дело и образец за творечката постапка“ на Вук Караџиќ. Во овој контекст, нејзината статија се насочува кон толкување на „особеностите и автентичноста на Вуковата творечка поетика, проткајувањето на романтичарската хероика, романтичарскиот идеал и реалистичкото, динамично отсликување на драматичните настани...“ (Пирузе-Тасевска, 1997, 20)

Во студијата „Јован Јовановиќ-Змај – вистинска човечка и поетска наминливост“, авторката со исклучително научно внимание говори за „поетскиот сензибилитет“ на овој голем српски поет. „Редок како поет, со широк и сестран тематски одѕив и бројност на поетските теми, неговиот слободољубив и демократски дух доследно и примерно ја негуваше човечката и поетската благородност и чесност.“ (Пирузе-Тасевска, 1997, 52)

Потенцирајќи ја Змајевата долгогодишна и плодна литературна активност, што наоѓа одзив во бројноста на неговите теми и мотиви, Пирузе-Тасевска ги предочува поетските доминанти во интимистичката лирика на Змај. Во својата интерпретација таа опфаќа широк корпус на песни, индикативно систематизиран според тематско-мотивски особености: од песните во кои се актуелизираат познати романтичарски мотиви, па сѐ до песните со патриотски и химористични мотиви, како и широката лепеза на песни за деца.

Еден од поетите на коишто Виолета Пирузе-Тасевска му придава големо внимание и за когошто говори со суперлатив е Владислав Петковиќ-Дис, кому му ја посветува статијата „Владислав Петковиќ-Дис: меланхоличното поетско ткаење помеѓу јавето и сонот“. Во духот на српската Модерна, таа ја одредува неговата поезија како „пресвртничка, визионерска поезија, родоначалничка за нови струења и еден цел подоцнежен поетски потход и растеж на српската поезија“. Таа потсетува на Дисовата метафизика проткаена со чист лиризам, но истовремето сугерира на значенските својства на неговиот поетски израз во кои е содржана една цела поетска космогонија во која се навестуваат и се актуелизираат ирационалните доживувања, интуитивноста, сонот, халуцинациите и визиите на смртта. И во овој текст идикативен е феноменолошкиот пристап во

толкувањето на поетската метафизика и поетика на овој голем српски поет, артикулирана преку доминантните теми на: самотијата, темницата, нирваната, нихилизмот, сонот, заборавањето и љубовта кон блиските, во кои авторската поетска креација е израз на неговата силна експресија и латентна меланхолија.

И во научните студии од книгата „Литературни проникнувања“, авторката Пирузе-Тасевска ги применува херменевтичките и феноменолошките методи на интерпретација, својствени за претходната книга, со тоа што сега нејзиниот научен интерес е ориентиран кон проширување и продлабочување на темите од новата српска книжевност. Од формален аспект, во оваа книга особено важни за толкувањето на српската книжевност се деловите: „Кон нови читања на српската книжевност“ и „Литературни релации“. Во однос на овие интерпретативни тематски целини ги издвојуваме насловите: „Функцијата на хумористичниот дискурс во наративната структура на Сремчевата „Зона Замфирова“, „Етичките компоненти на песната „Исповед“на Воислав Илиќ“, „Митскиот симболизам на Воислав Илиќ“, „Патописните писма на Љубомир Ненадовиќ“, „Елементи на фантастика во Домановиќевите сатири“ и др.

Во текстот „Родољупци – весело позорје на Јован Стерија Поповиќ, Пирузе-Тасевска укажува на жанровската специфичност на оваа драма, како симбиоза на општествена сатира и „весело и жалосно позорје“. Според авторката, интерференцијата на смешното и сатиричното се две суштински одлики на драмата на Стерија, преку кои доаѓаат до израз и етичките и естетските уверувања на авторот, но и неговата историска улога и можност токму преку овие две компоненти да укаже на аномалиите и негативностите на тогашното српско општество и култура. Затоа, поголемиот акцент во оваа статија е ставен токму на аспектите на хуморот во драмата на Стерија, на смеата за која авторката истакнува дека е „автентична, полна со градуирана тага и меланхолија, но таа е специфична хигиена на духот, афирмација на здравите, позитивни животни принципи што тој ги сметаше за етички неопходни.“ (Пирузе-Тасевска, 2002, 63)

Темата на митското и архетипското во српската книжевност е предмет на интерес на Пирузе-Тасевска во статијата „Митскиот симболизам на Воислав Илиќ“, во која ја анализира поетиката на овој важен автор преку: „специфичниот семантички однос: слика-симбол“, како и анимистичко-митската симболика и асоцијативната повеќеслојност на неговите песни.

И во научната студија „Литературни проникнувања“, авторката останува доследна на теориската аналитичко-интерпретативна методологија со систематизирана и елоквентна експликација на истражуваниот научен објект. Затоа, нејзиниот научен пристап е методолошки издржан, естетски плурален и нејзините микроскопски истражувања на проблематиката ја опфаќаат целината од повеќе различни аспекти.

**НАУМЕ РАДИЧЕСКИ (1953-2014)**

Значајно место во корпусот на научни трудови посветени на јужнословенските книжевности, вклучително и на српската книжевност, заземаат книгите-студии: „Релации и континуитет“ (1996) и „Аналитички рефлексии“ (2007) на Науме Радически - долгогодишен професор по предметот Современи јужнословенски книжевности на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности.

И од формална и од содржинска смисла, книгата „Релации и континуитет“ го покажува специфичниот научен интерес на Радически за македонските теми во делата на српските автори: Алекса Шантиќ, Јован Дучиќ, Бранислав Нушиќ, Михаило Лалиќ, а во неа е застапена и една научна студија на тема „Времето во поезијата на Душан Костиќ“.

Во студијата „Мотивите и поимите од Македонија во поезијата на Алекса Шантиќ и Јован Дучиќ“, Радичевски ја истакнува големата улога на Шантиќ како лиричар, но и како „патриотски поет и поет на српството и најавтентичен продолжувач на патриотските текови на српската поезија од 19. век.“ Темата на македонското прашање во поезијата на Шантиќ, Радичевски го разгледува во збирката „На старим огњиштима“ за која истакнува дека ги содржи речиси сите песни на Шантиќ кои се мотивирани од Македонија. Во понатамошната експликација, Радичевски посочува на фактот (врз основа на истражени податоци) дека Шантиќ воопшто и не ја видел Македонија, додека мотивите за своите песни ги црпел посредно и истите претставувале „израз на сочувство“ заради поробеноста на македонскиот народ.

Во истиот текст Радичевски ги интерпретира „мотивските врски со настани и места во Македонија.“ во поетските циклуси „Моја отаџбина“ и „Царски сонети“ на Јован Дучиќ, чија генеза, според Радичевски најверојатно се должи на дипломатската работа на Дучиќ во Атина од каде што имал можност поблиску да се запознае со историските настани во Македонија.

Во студијата „Творечките интересирања на Бранислав Нушиќ за теми од македонското поднебје“, уште во самиот наслов Радически ја сугерира поврзаноста на големиот српски комедиограф со топосот на Македонија. Низ широка елаборација на книжевно-историскиот и политички контекст од првата деценија на XX век, Радически му предочува на читателот навистина интересни и малку познати факти од престојот на Нушиќ во Македонија (во Скопје и Битола) и за неговото „реално известување за состојбите во Македонија и активностите на Македонските револуционерни сили.“ (Радически, стр.138)

Во однос на книжевната дејност на Нушиќ за време на неговиот престој во Македонија, Радически ги анализира книжевните аспекти на патеписот „Крај обала Охридског језера“, истакнувајќи дека „Нушиќ се обидел да направи географско-историски и етнографски преглед на охридскиот крај, но без поголеми книжевни претензии...“ (Радически, 1996,

142). Како идејно продолжение на споменатиот патепис на тема Македонија, Радически го посочува „најубавиот расказ на Бранислав Нушиќ „Ташула" со трагичен расплет.

И во останатите текстови од студиите на Радически евидентен е истражувачкиот порив на авторот да интерпретира книжевна проблематика која е помалку позната и недоволно истражена и за научниците на кои србистиката им е потесна стручна област. Во оваа смисла, очигледна е интенцијата на авторот преку понудените анализи да укаже на традиционалните влијанија и интерференции меѓу македонската и српската книжевност, но и да поттикне на понатамошна соработка помеѓу актуелните чинители за стекнување нови сознанија за релациите меѓу македонските и српските книжевни и културни ентитети.

Врз основа на ваквите согледувања, може да констатираме дека: статусот и научниот третман на србистиката во Македонија (особено видена низ призмата на истражувањата на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности) и во дијахрониска и во синхрониска перспектива, нѝ покажува дека меѓу српската и македонската книжевност и култура отсекогаш постоел респектабилен комуникациски процес. Затоа и книжевните влијанија и релации се обострани и во насока на надополнување и доразвивање на постоечките состојби и создавање на поинтензивни книжевни контакти. Во оваа насока, очигледна е важноста на интерпретативно-аксиолошката функција и метакнижевна перцепција на книжевната историја, теорија, критика и компаративистика и нивната општествена и историска улога за подобро запознавање и разбирање на другата книжевност и култура.

БИБЛИОГРАФИЈА:

De Man, P. (1975). *Problemi moderne kritike*, Nolit, Beograd.
Kriger, M. (1982), *Teorija kritike*, Nolit, Beograd.
Левков, Д. (1958). *Јаков Игњатовиќ – Вечен младоженец*, Кочо Рацин, Скопје, 5-19.
Левков, Д. (1964). Милован Ѓ. Глишиќ – одбрани страници, Кочо Рацин, Скопје, 5-21.
Мојсиева-Гушева, Ј. (2002). *Македонско-српски и српско-македонски книжевни врски* (1945-1990), Скопје. Институт за македонска литература.
Ќулавкова, К. (прир.). (2007). *Поимник на книжевната теорија*. Скопје, МАНУ.
Пирузе-Тасевска, В. (1997). *Толкувања и вредности*, Детска радост, Скопје
Пирузе-Тасевска, В. (2002). *Литературни проникнувања*, Скопје, Просветно дело.
Радически, Н. (1996). *Релации и континуитет*, Скопје, Григор Прличев.
Velek, R. Voren O. (1985). *Teorija književnosti*, Nolit, Beograd.
Velek, R. (1966), Kriticki pojmovi, Vuk Karadzic, Beograd.

Трајче Стамески (Филолошки факултет „Блаже Конески“)

**Увод у историјат србистичке књижевне науке у Македонији**

Абстракт: Овај текст хронолошки прати историјат србистичке науке у Македонији кроз критичке текстове Димчета Левкова, Виолете Пирузе-Тасевске и Наума Радическог, редовни професори на Катедри за македонску књижевност и јужнословенске књижевности. Текст приказује залагање македонске критичке продукције за континуирану презентацију, доступност и вредносну афирмацију дела српске књижевности, најчешће путем различитих методологија интерпретације специјалистичких књижевних и културолошких тема из свих раздобља развоја српске књижевности и културе.
Кључне речи: српска књижевност, култура, критика, поетика, студија, Д. Левков, В. Пирузе-Тасевска, Н. Радичевски.

**Trajce Stameski (Faculty of Philology "Blaze Koneski")**

**Introduction to the History of Serbian Literary Science in Macedonia**

Summary: The text traces the history of Serbian science in Macedonia in a chronological perspective through the critical texts od Dimche Levkov, Violeta Piruze-Tasevska and Naume Radicheski, full professors of the Department of Macedonian Literature and South Slavic Literatures. The text depicts the commitment of the Macedonian critical production for the continuous presentation, availability and value affirmation of the works of Serbian literature, mostly through different methodologies of interpreting specialist literary and cultural topics from all periods in the development of Serbian literature and culture.

БИО

Трајче Стамески  е вонреден професор на Катедрата за македонска книжевност и култура на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Области на научен интерес му се: македонската народна книжевност, современата македонска книжевност и новата српска книжевност. Има објавено повеќе научни студии од српската и македонската книжевност.

БИО

Трајче Стамески је ванредни професор на Катедри за македонску књижевност и културу Филолошког факултета „Блаже Конески“ у Скопљу. Области његовог научног интересовања су: македонска народна књижевност, савремена македонска књижевност и нова српска књижевност. Објавио је више научних студија о српској и македонској књижевности.

BIO

Trajce Stameski is an associate professor at the Department of Macedonian Literature and Culture at the Faculty of Philology "Blaze Koneski" in Skopje. His areas of scientific interest are: Macedonian folk literature, Contemporary Macedonian literature and New Serbian literature. He has published several scientific studies of Serbian and Macedonian literature.